Број 108 Септември 2021

# S-WORK



# ONLYFANS ЗАСЕГА НЕМА ДА ЈА ЗАБРАНИ ПОРНОГРАФИЈАТА. СЕПАК СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ИМААТ ПРИЧИНА ДА БИДАТ ЗАГРИЖЕНИ.

**Интернетот е направен врз основа на порнографијата, меѓутоа компаниите се обидуваат да го заборават тоа од маркетинг причини.**

Во текот на месец август, OnlyFans — веб страница која многу ја користат сексуалните работници за да споделуваат слики и видеа со своите претплатници – потврди дека ќе ја забрани секоја „експлицитна сексуална содржина“ која до сега беше во фокусот на репутацијата и бизнис моделот на веб страницата. Во моментот на објавата, компанијата тврдеше дека процесорите за плаќање стојат позади таквата одлука, меѓутоа неколку дена подоцна одлуката се промени: сајтот тврдеше дека „обезбедил гаранции неопходни да се поддржи нашата разнолика и креативна заедница“, што со други зборови значи дека планираната забрана за порнографија нема да се спроведе. Ова е само најнов случај во долгата историја на технолошки платформи кои сакаат да стекнат „нова невиност“ откако ќе се стекнат со богатство поради трудот на сексуалните работници.

Пример за ова е исто така Tumblr — блог платформа која некогаш беше прибежиште за сексуални работници и кинк заедницата – кој ја обнови својата корисничка политика во 2018 година и забрани било каква голотија на сајтот, наводно за да го задржи присуството на познатата пуританска iOS платформа која е во сопственост на Apple. Сообраќајот на




Tumblr нагло опадна после транзицијата, кој сега брои просечно 319 милиони посетители месечно според Статиста, во споредба со сообраќајот пред забраната за порнографија кога имаше во просек 642 милиони на месечно ниво.  Ова дури влијаеше и на илустраторите: софтверот за автоалармирање ги блокираше корисниците кои ќе објават голи цртежи и скулптури. На овој начин сајтот ја уништи сопствената репутација како платформа со широки гледишта на која луѓето можат да ја истражуваат сопствената сексуалност и да ја пронајдат заедницата на која и припаѓаат. Во март 2020 година, Tumblr беше купен од својот некогашен ривал WordPress за само 3 милиони долари.

Небулозната класификација за тоа што ги прави медиумите „безобразни" или „експлицитни" произлегува од десничарски лоби групи кои тврдат дека рестрикциите на ваквите содржини би спречиле насилство. Ваквите морално сомнителни политики несомнено негативно влијаат на сексуалните работници и ранливите заедници. За многу сексуални работници, онлајн платформите се места на кои можат да заработат пари без да се изложуваат на ризик да се среќаваат со некого лично за време на пандемија. Овие платформи имаат опции со кои изведувачите можат да бидат независни, да имаат сопственост врз својот имиџ и содржина, наместо да потпишуваат договори со кои ги пренесуваат своите права (типично за традиционалните порнографски студија). Ојстер Ким е сексуална работничка и еден од креаторите на OnlyFans, која тврди дека онлајн платформите обезбедуваат стабилност и вработување што е неверојатно тешко да се постигне во криминализирана индустрија.




# ГЕРМАНИЈА: РЕГИСТРАЦИЈАТА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ НАГЛО НАМАЛЕНА ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА

**Бројот на регистрирани сексуални работници во Германија падна за 38% минатата година поради пандемијата, а многу од нив веројатно се одлучиле да работат во „подземјето“. Затворањата на бизнисите поради КОВИД ги попречија услугите и регистрацијата.**

Бројот на регистрирани сексуални работници во Германија е опаднат за повеќе од една третина за време на пандемијата со коронавирусот според Германската федерална канцеларија за статистика.

До крајот на 2020 година, приближно 24,900 сексуални работници биле официјално пријавени во Германија, што е пад за 38% во споредба со претходната година.

Според германските закони, сексуалните работници се должни да се регистрираат и да добијат дозвола за работа. Сексуалната работа е легална во Германија, меѓутоа истата беше запрена во март 2020 година заедно со останатите рестрикции кои произлегоа од кризата со коронавирусот.

Борделите беа затворени со месеци поради рестрикциите, со што многу сексуални работници се одлучија да работат нелегално.

## Што покажа статистиката?

Од оние кои биле регистрирани, 79% се на возраст помеѓу 21 и 44 години, 18% над 45 годишна возраст, а 3% помеѓу 18 и 20 години.

Повеќето сексуални работници биле со странска националност, односно 35% од Романија и 11% од Бугарија. Оние со германска националност биле приближно една петтина од вкупниот број сексуални работници.

Податоците покажуваат дека на 2,290 бизниси кои се поврзани со сексуална работа им било дадена провизорна дозвола за работа во текот на 2020 година.

93% од овие бизниси се всушност локали, а останатите 7% од бизнисите со лиценца биле брокери, агенции за изнајмување возила и организирање настани.

Борделите и другите услуги поврзани со сексуалната работа беа комплетно спорени во текот на повеќе месеци минатата година поради рестрикциите кои ги наметна пандемијата. Во овј момент многу од овие рестрикции се релаксирани.

Градот Берлин дозволи работа на овие услуги од 1-ви јули, под услов да се придржуваат до хигиенските регулативи.



# КАКО СЕКСУАЛНА РАБОТНИЧКА САКАВ ДА НАПИШАМ РОМАН КОЈ ЌЕ ЈА ПОКАЖЕ ВИСТИНАТА ЗА ПРОСТИТУЦИЈАТА

**Сексуалните работници се појавуваат само кога се мртви; сексуалните работници се лудачки среќни; сексуалните работници се беспомошни жртви. Всушност, сексуалните работници се многу повеќе од тоа.**

Не постои една и една единствена реалност за сексуалната работа.

Во текот на мојот живот бев дел од различни светови како сексуална работничка. Почнав да работам за ескорт агенција на 18-годишна возраст во Амстердам, каде одлучив да се преселам со неколку пријатели.

Во тоа време, сексуалната работа ми беше како појас за спасување, еден начин ментално да не заболам и да можам нормално да живеам. Како што станував повозрасна, така повеќе се поставував заштитнички кон помладата моја верзија – трауматизирана тинејџерка која користи дроги – и ми се гадеше од мажите предатори кои ми се закачуваа: клиенти и насилен дечко.

Во почетокот 2000-те, работев низ целиот свет пред да се откажам од индустријата и станав шанкерка, а подоцна и новинар. Во доцните 30-ти години од мојот живот, сега и со хронична болест, се вратив на сексуалната работа во Лондон, работам независно и наплаќам на час, така што заработувам барем 10 пати повеќе споредено со тоа кога бев тинејџерка. Овој пат се чуствувам дека јас ја контролирам ситуацијата, како во сосема поинаков свет.

Сакав да напишам книга уште кога имав само 5 години. Кога конечно се одлучив да пишувам, одлучив дека дефинитивно треба мојата книга да биде роман.

Се присетив на приказните за сексуалната работа кои јас лично ги сакам. Тие изобилуваат со несредени чувства и амбивалентност. Девојка за изнајмување од Мишел Ти, објавен во 2004 година е графички роман кој го опишува нејзиниот живот како проститутка во Сан Франциско. Смешен е, циничен и секој може да се пронајде во приказната и карактерите. Воедно, тоа е мојот најомилен мемоар кој се поврзува со сексуалната работа.

Исто така ми се допаѓа и истражувањето за расата, класата и сексуалноста преку животот на едно ескорт момче од Лондон во Млеко од виножито на Пол Мендез. Ја обожувам мудроста за сексуалната работа на Тори Питерс во Детранзиција, бејби - роман кој беше номиниран за Женска награда за фикција во 2021 година.

Сите знаеме дека сексот продава и секогаш кога има сочна и комерцијална приказна, оние кои пишуваат романи веднаш ќе се зафатат со работа. Импулсот да се поставаат приказните во невообичаени околности со гаранција ќе произведе постојано публикување фикција за сексуалната работа која е во најмала рака сомнителна.

Сексуалните работници се појавуваат само кога се мртви, тие се лудачки среќни и се прикажани како беспомошни жртви. Сексуалната работа се сведува на стереотипи и дури е смешно колку погрешно е прикажана. На сексуалната работа никогаш не и се дава политички контекст, со што се бришат сите наши битки во реалниот живот со полицијата и законите кои не засегаат.

Пишувајќи го мојот роман, Услуга, се обидов да им дадам претстава на читателите за наверојатно различните начинини на кои работиме. Сакав да напишам книга за тривијалноста на проституцијата, за досадата и за практичните работи.

Покрај драмата, ужасот и гламурот, сакав да пишувам и за снабдувањето со огромни количини лубрикант и ракавици во станот, за тоа како е да се работи кога земате аналгетици и имате запек и за тоа како пиете чај со пријателката помеѓу двајца клиенти. Сакав да пишувам за солидарноста и пријателството, како лажно да пенетрирате партнер со страп-он пред клиенти, како и за љубомората и несигурностс и загриженоста дека и покрај тоа што сте „курва“ можно е да сте лоша во кревет.

Мојата цел е поуката која читателите би ја извлекле од Услуга е дека сексуалната работа има толку различни значења колку што всушност има и сексуални работници. Ова е несомнено политички роман, поставен во фиктивно време во кое платформите за рекламирање се забранети во Обединетото кралство и се надевам дека секој што ќе го прочита ќе се забавува. Не можам да зборувам во името на сите проститутки, меѓутоа ми се чини дека мојот живот е пресмешен.



# РАЗГОВОР СО СТОЈА

**Нејзиното вистинско име е Џесика Стојадиновиќ, со татко од Шкотска, а мајка од Србија, родена во Велингтон, а уметничкото име и е Стоја кое е извлечено од презимето на баба и. Уште од почетокот на нејзината кариера, пред отприлика 10 години, Стоја е активен писател, поет, модел и актерка – прво во порнографијата, а потоа и на телевизија и филм.**

**Стоја неодамна беше на многу насловни страници кога и беше доделена наградата за Најдобра актерка за нејзината улога во Ederlezi Rising на 46-иот Меѓународен филмски фестивал во Белград. Жирито кажа дека глумата на Стоја е „совршено контролирана со тоа што одлично ја отсликува женската улога на Нимани следејќи ја визијата на филмскиот режисер со прецизен актерски израз, личност и харизма“.**

**ДА ЗАПОЧНЕМЕ СО EDERLEZI RISING. ФИЛМОТ СЕ СНИМАШЕ ПРЕД НЕКОЛКУ ГОДИНИ И СЕГА КОНЕЧНО СЕ ПРИКАЖУВА. КОЛКУ ДОЛГО ТРАЕШЕ ЦЕЛИОТ ПРОЦЕС?**

**СТОЈА:** Прв пат отидов на проба пролетта во 2015 година, меѓутоа се согласив да работам на овој проект две или три години претходно. Многу работи се културно финансирани во Србија, така што за да снимите филм потребна ви е дозвола од Владата, што трае предолго. Имавме и проблеми затоа што некои таблоиди дознаа за филмот и направија скандал од тоа, во смисла дека Министерството за култура финансира порнографија. Како последица на тоа, сите требаше малку да се смират пред работите да почнат да напредуваат и во целиот тој процес главниот актер беше заменет со Себастијан.

**ДАЛИ МИСЛИШ ДЕКА ТВОЈАТА УЛОГА, КАКО АНДРОИД ДИСЛОЦИРАН ВО ДАЛЕЧНАТА ИДНИНА, ЈА РАДИКАЛИЗИРА СТАНДАРДИЗИРАНАТА ПОЗИЦИЈА НА ЖЕНИТЕ КАКО ПРИДРУЖНИЧКИ НА МАЖИТЕ?**

Голем дел од научната фантастика која за мене лично е интересна транспортира постоечки, реален социјален проблем во некое далечно време или место, што мислам дека ни овозможува да ја избегнеме пристрасноста и животните искуства и да ги посматраме работите од различни агли. Не сум сигурна дека улогата/карактерот радикализира, освен можеби потенцијалот кој го има за иновативна мисла која е провоцирана од ситуацијата.

**БИ САКАЛ ДА ПОЗБОРУВАМЕ ЗА СЕКСОТ ВО ПОРНОГРАФИЈАТА. ПОКРАЈ ЈАДЕЊЕТО, ПИЕЊЕТО И СПИЕЊЕТО, СЕКСОТ Е ЕДЕН ОД НАЈОСНОВНИТЕ ЧОВЕЧКИ НАГОНИ. ОБИЧНО КОЛКУ ПОВЕЌЕ СМЕ ИЗЛОЖЕНИ НА НЕШТО, ТОЛКУ ПОВЕЌЕ ИСТОТО ГО ГЛЕДАМЕ КАКО ПРИФАТЛИВО. МЕЃУТОА, ВО СЛУЧАЈОТ СО ПОРНОГРАФИЈАТА, ТАА СЕУШТЕ НЕ Е СОСЕМА ПРИФАТЕНА, И ПОКРАЈ ТОА ШТО ЛУЃЕТО ПОСТОЈАНО ЈА ГЛЕДААТ...**

Ние сме во оваа чудна ситуација на глобално ниво, каде Соединетите држави се културолошки доминантни предолго време и тоа исклучиво само еднонасочно. Мислам постои и Европа, која е барем малку порелаксирана, а исто постои и Балканот, кој според мене е многу поопуштен во споредба со Европа. Американските медиуми се луди, луѓето пишуваат за порно меѓутоа сето тоа е многу цензурирано.

На Балканот работите се послободни. Дури и кога медиумите пишуваа за фестивалот и за моето доаѓање во Белград, моите голи слики беа објавувани во сите дневни весници; тоа не беше никаков проблем.

Мислам дека Америка тешко ја прифаќа порнографијата како нешто нормално. Другите култури се подобри во тој поглед – ако не се земат предвид религиозните догми.

**СТОЈА, ДАЛИ СИ ЧУЛА ЗА СЕВЕРИНА?**

Мислиш на хрватската поп ѕвезда која има направено порно филм?

**ДА, БАШ ТАА. ДАЛИ МОЖЕБИ ГО ГЛЕДАШЕ ФИЛМОТ?**

Не, некој ми го прати, ама фајлот ми беше преголем за да го симнам од Интернет.

**МИСЛАМ, НЕМАШ ПРОПУШТЕНО НИШТО ПОСЕБНО, ТУКУ ПОЕНТАТА МИ Е ШТО МЕДИУМИТЕ НАПРАВИЈА ОД ТОА. ОТКАКО ИЗЛЕЗЕ ВИДЕОТО, ТАА БЕШЕ ВО СИТЕ ВЕСНИЦИ СО НЕДЕЛИ, ГОЛА И ВО НАЈГОЛЕМ ДЕЛ НЕЦЕНЗУРИРАНА. ДУРИ И ЛУДО Е КОГА ЌЕ МИ ТЕКНЕ КОЛКУ ГОЛЕМА ВЕСТ БЕШЕ ТОА И КАКО СЛИКИТЕ И ВИДЕАТА МОЖЕА ДА СЕ ВИДАТ НАСЕКАДЕ, А ТОА БЕШЕ ВО 2004 ГОДИНА ...**

Да, слично нешто се случи и со Ким Кардашијан. Таа од тоа направи големо реално шоу. Смешно е на каков начин ги





третираат забавувачите, но кога станува збор за порно индустријата, се е некако поинаку.

**ЖИВЕЕМЕ ВО ЧУДЕН СВЕТ. КАКО И ДА Е, БИ САКАЛ ДА ЗНАМ ПОВЕЌЕ ЗА ТВОЈАТА РАБОТА КАКО ПРОДУЦЕНТ...**

Имам еден серијал кој се вика Околу светот на 80 начини. Тоа сум само јас, мала видео камера и некои машки изведувачи – обично еден партнер, но понекогаш има и двајца. Во серијалот, јас патувам низ светот и се ебам во различни градови и хотелски соби... Секогаш е различно.

**СИ СНИМАЛА ЛИ НЕКОГАШ НА БАЛКАНОТ?**

Да, на Крк во Хрватска. Има еден хотел Халудово Палас, кој е напуштен и е изграден во 1971 година. Боб Гучионе, основачот на списанието Пентхаус, инвестираше 45 милиони долари во проектот и официјално го отвори Пентхаус адриатик казино цлубот во 1972 година. Меѓутоа, казиното банкротираше бргу после отворањето и се затвори. Додека работеше во тој краток период, дури и Садам Хусеин има пресојувано таму. Хотелот навистина бил една раскошна палата. За време на војни, се користел да се сместат бегалци, а сега повремено се користи за забави и еднаш послужи како сцена за мојот порно филм. Во првата сцена од филмот јас зборувам за ова што ви го кажав додека истовремено орално го задоволувам партнерот.

**ИМАШ ЛИ ФРЛЕНО ОКО НА НЕКОЈА ДРУГА ЗГРАДА ВО БИВША ЈУГОСЛАВИЈА КАДЕ БИ САКАЛА ДА СНИМАШ?**

Моментално се обидувам да добијам виза за престој во Србија, така што не сакам да си ги уништам шансите со такво снимање. Еднаш само се сликав облечена како Титова пионерка, тоа е најдалеку што можам да отидам засега.

**ЗОШТО САКАШ ПРЕСТОЈ ВО СРБИЈА? ЗОШТО САКАШ ДА ЖИВЕЕШ ВО СРБИЈА?**

Поминав многу месеци на Балканот. Сум била насекаде низ Америка и делумно низ Канада... Сум ја видела и Европа, Азија и од сите места каде сум била, на Балканот имам добиено најмногу почит. Никогаш не сум имала лошо искуство тука! Еднаш се случи еден маж да ги стави рацете на мојот грб, а тоа беше затоа што ташната ми се лизгаше од рамото. Сосема спротивно на ова, американската машка популација знае да биде многу агресивна и може да биде застрашувачки доколку не одговориш на начин на кој се очекува, А во Србија, дури и да станува збор за фанови, тие ме третираат со почит. Накратко, навистина е убаво чувството кога ве третираат како нормално човечко суштество.

**РОДИТЕЛИТЕ НА МАЈКА ТИ СЕ СРБИ, А ТИ ЗЕМА ДЕЛ ОД ПРЕЗИМЕТО НА БАБА ТИ КАКО ТВОЕ УМЕТНИЧКО ИМЕ. КАКО ТАА РЕАГИРАШЕ КОГА И КАЖА ЗА ИМЕТО?**

Беше навистина слатка кога ме нарече „голото девојче кое се појавува на филмчиња". На мајка ми не и се допадна тоа воопшто бидејќи едно од имињата кои сум требала да ги добијам како бебе било Стоја. Така, кога започнав да се соблекувам пред камера ми требаше име и се одлучив за Стоја.

Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.